Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-45/15
21.10.2025 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-709/1 од 19.11.2024 година поднесена од ----- против ----- и -----, како претпоставени старешини на подносителот и членови на Комисијата за вршење на инспекциски надзор врз персоналот во воздухопловството кој врши работи од значење за безбедноста на летање на полициските хеликоптери, за извршена дискриминација врз основ на личен и општествен статус во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на личен и општествен статус во областа на работата и работните односи сторена од страна на ----- и ----- врз -----.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација доставена е претставка бр. 08-709/1 од 19.11.2024 година, поднесена од страна на ----- за сторена дискриминација врз основа на личен и општествен статус во областа на работата и работните односи од страна на лицата ----- и -----, како претпоставени старешини на подносителот и членови на Комисијата за вршење на инспекциски надзор врз персоналот во воздухопловството кој врши работи од значење за безбедноста на летање на полициските хеликоптери.

Подносителот наведува дека е вработен во Министерството за ----- на работно место ----- во Одделот за ----- – -----, наведувајќи дека на наведеното работно место е вратен согласно правосилна и извршна судска одлука. Оттука, за двата наведени потенцијални дискриминатори е наведено дека до 1 месец пред поднесувањето на претставката, истите биле непосредно претпоставени старешини на подносителот. Во продолжение на претставката, подносителот наведува дека на 3.3.2015 година со работодавачот склучил Договор за упатување на обука за пилот на полициски хеликоптер, по чие завршување му бил издаден сертификат за успешно помината обука и му била издадена и Дозвола за член на летечки екипаж, додека по полагањето на стручниот испит за приправници, бил распореден на работно место: -----, додека во 2016 година бил унапреден на позиција -----. Во врска со издадената дозвола за летање, подносителот истакнува дека истата има важност од 5 години, односно важела до крајот на 2021 година.

Во претставката е наведено дека по истекот на важноста на дозволата за член на летечки екипаж, подносителот на неговиот непосредно претпоставен старешина лично му доставил важечко лекарско уверение класа 1 со барање да му се овозможи продолжување на образецот на дозволата и впишаните овластувања во истата со цел извршување на летечките задачи, дополнително на што се обратил и до Директорот на -----, образложувајќи дека двата потенцијални дискриминатори од субјективни причини нема да му овозможат да ја продолжи дозволата за летање, за што тврди дека и последователно на ваквото известување и се реализирало. Во однос на ова, во претставката е наведено дека потенцијалните дискриминатори иницирале носење на незаконско решение со кое на подносителот му бил укинат дополнителниот додаток, со образложение дека истиот нема важечка дозвола за летање, без притоа да го укинат претходното донесено решение со кое му бил утврден

ваквиот додаток. Во продолжение на ова, наведено е дека на подносителот не му било овозможено продолжување на образецот на дозволата и овластувањето впишани во истата, при што потенцијалните дискриминатори наместо тоа, иницирале постапка за носење на незаконско решение за прераспоредување, со кое подносителот бил преместен на работно место -----, односно 2 степени пониско звање од тоа што претходно го имал. ВО продолжение, подносителот наведува дека иницијативата за ваквото прераспоредување била од страна на двата потенцијални дискриминатори, со образложение дека дозволата за летање на подносителот му била истечена, без притоа да биде наведено зошто не му е дозволено да ја продолжи истата, како што им било дозволено на останатите колеги. Оттука, подносителот истакнува дека има добиено ново важечко лекарско уверение на --.--.2022 година во кое е утврдено дека тој е способен за извршување на летечки задачи. Во врска со претходно наведеното, подносителот истакнува дека двата наведени потенцијални дискриминатори постапиле спротивно на членот 138 од Законот за воздухопловството, каде е појаснет начинот на продолжување на дозволата, дополнително на што и се однесувале како нему да му е суспендирана дозволата за летање.

Во однос на погоре наведените дејствија, во претставката е истакнато дека подносителот водел судска постапка пред надлежниот граѓански суд, следствено на што била донесена правосилна и извршна судска пресуда во полза на подносителот на претставката. Оттука, во претставката е наведено дека по извршувањето на судската пресуда и враќањето на подносителот на претходното работно место, него не му било дадено работно биро, канцеларија, ормар или шкаф, не му била задолжена униформа и не му било дозволено да користи задолжителна рекреација како сите колеги во траење од 10 дена согласно Колективниот договор. Дополнително на ова, истакнато е дека подносителот на сопствен трошок го извршил редовниот лекарски преглед кај Воздухопловната лекарска комисија потребно за извршување на работните задачи. Оттука, наведено е дека по доставувањето на лекарското уверение преку писарница, поради фактот што еден од потенцијалните дискриминатори одбивал да го прими истото, не бил одржан состанок на Комисијата за вршење на инспекциски надзор врз персоналот во воздухопловството кој што врши работи од значење за безбедноста на летањето на полициските хеликоптери, поради што и не му била продолжена дозволата за летање.

На крајот на претставката, подносителот истакнува дека поради ваквото попречување на постапката за продолжување на дозволата за летање, нему му е нанесена огромна штета во неговиот професионален развој како пилот, оштетен е со стотици часови налет на хеликоптер кој му е оневозможен во однос на неговите колеги, при што тврди дека од страна на наведените потенцијални дискриминатори му бил вршен притисок дека тој повеќе нема да биде пилот и дека нема да се качи во хеликоптер.

Во прилог на претставката беше доставена следната документација:

- Барање за продолжување на важноста на дозволата за летање од --.--.2024;
- Ургенција за постапување по барање за продолжување на дозвола за летање од --.--.2024;
- Правосилна и извршна судска пресуда РО бр. ------ од --.--.2022 година;
- Судска пресуда РОЖ------ од --.--.2023 година;
- Дозвола за член на летечки екипаж на подносителот.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 19.12.2024 година согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација го задолжи подносителот да ја доуреди претставката во однос на наведениот дискриминаторски основ – личен и општествен статус, односно да го образложи конкретниот личен или општествен статус кој довел до нееднаков третман во споредба со останатите вработени.

Следствено на ова, на 9.1.2025 година до Комисијата беше доставено дополнување на претставката заведено под арх. бр. 08-45/1, во кое подносителот образложи дека со погоре наведеното постапување на потенцијалните дискриминатори, нему му се руши лично стекнатиот општествен статус како врвен пилот, оневозможувајќи му од субјективни причини да ја извршува професијата за која е обучуван. Во продолжение на ова, подносителот истакнува дека на 18.12.2024 година била донесена одлука со која била продолжена неговата дозвола врз основа на доставеното лекарско уверение.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 22.1.2025 година испрати Известување бр. 08-45/2 за произнесување по наводите од претставката до ----- и -----.

На ден 11.2.2025 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен одговор на известувањето за произнесување од страна на -----, заведено под арх. бр. 08-45/5.

Во произнесувањето целосно се отфрлаат наводите од претставката, истакнувајќи дека со скоро идентичен текст подносителот на истата поднел кривична пријава против двата потенцијални дискриминатори на почетокот на 2024 година до ----- и Основното јавно обвинителство, за која наведува дека била отфрлена.

Во однос на наводите за иницирање на носење на незаконско решение, во произнесувањето е наведено дека со самата промена на Спогодбата за утврдување на листата за плати на сите припадници од Одделот на воздухопловните единици им биле издадени нови решенија за плата. Во врска со ова, наведено е дека ваквото решение на подносителот било донесено согласно погоре наведената спогодба, при што со предметната спогодба, наведено е дека се направени измени како во висината на бодовите како посебен додаток, така и кон условите за нивно стекнување, односно биле укинати 220 бода, а биле воведени 1020 бода кои е возможно да се стекнат само во случај доколку се исполнети следните 2 услови: 1. Пилотите да поседуваат важечка дозвола за пилот и 2. Пилотите да извршуваат летечки задачи. Оттука, во произнесувањето е истакнато дека подносителот на претставката, по истекувањето на неговата дозвола за летање во 2021 година не ги исполнувал условите, а притоа и не извршувал летечки задачи, следствено на што било донесено оспореното решение.

Во однос на наводите за постапување спротивно на член 138 од Законот за воздухопловство, истите се отфрлаат со појаснување дека конкретниот член се однесува на дозволи издадени од Агенцијата за -----, чии правила за проверки ги пропишува Директорот на Агенцијата, а ваквите дозволи се разликуваат од дозволите издадени од страна на ----- согласно член 140 од погоре наведениот закон.

Во однос на наводите за поднесување на незаконски предлог, во произнесувањето е наведено дека станува збор за акт – барање до ----- на Оддел за ----- за прераспределба на подносителот на ново соодветно работно место, од причина што истиот не ги исполнувал другите посебни услови за распоредување на сегашното работно место согласно важечкиот акт за систематизација, истакнувајќи дека последното важечко овластување на подносителот за тип на хеликоптер Бел 206 впишано во неговата дозвола за член на летечки екипаж било со важност до --.--.2019 година. Во врска со ова, во произнесувањето е наведено дека подносителот во последната година од поседувањето на ваквата дозвола не го имал направено потребниот минимум од 15 часа налет согласно член 33 став 1 точка 1 од Правилникот за полициски воздухоплови и персоналот во воздухопловството во -----, поради

што бил упатен на обука за комплексен тип на хеликоптер Ми-17/171. Во однос на ваквата обука, наведено е дека подносителот на претставката и уште еден кандидат ја започнале истата во 2018 година, истакнувајќи дека и покрај фактот што и на двата кандидати им биле овозможени истите услови за завршување на обуката, само вториот кандидат ја завршил во рок од 5 месеци, додека подносителот непрофесионално пристапил кон обуката и постојано барал и наоѓал разни изговори и оправдувања да не лета и да не се обучува, за што еден од потенцијалните дискриминатори му имал укажано усно и имал изготвено службена белешка за усно укажување против него. Во продолжение на ова, наведено е дека 10 месеци по започнување на обуката, бил организиран лет со независен инструктор пилот од -----, со цел истиот да даде независно мислење за подносителот како кандидат. Во прилог на ова, наведено е дека непосредно пред почетокот на летот, подносителот побарал да биде упатен на вонреден воздухопловно специјалистички лекарски преглед, поради што летот бил откажан и последователно на прегледот, подносителот добил лекарско уверение со наод привремено неспособен, врз основа на кое и била донесена одлуката согласно која подносителот на претставката не ги исполнува условите за вршење работи на летачка служба од член 12 од Правилникот за воздухопловство во -----, поради немање на важечко лекарско уверение.

Во произнесувањето е истакнато дека подносителот во период од една година врши притисок и личен напад кон потенцијалниот дискриминатор, преку поднесување на кривични пријави и претставки, при што е наведено дека неговите поплаки дека не му е продолжена дозволата за лет на хеликоптер Бел 206, се неосновани против наведениот потенцијален дискриминатор поради фактот што лицето наведено како дискриминатор во претставката е ----- на ----- која оперира само со транспортни хеликоптери од типот Ми-17/171, поради што има овластувања само за тој тип на хеликоптер како пилот, инструктор и пробен пилот. Оттука, во произнесувањето е посочено дека имајќи ја предвид дозволата за член на летечки екипаж на подносителот која е истечена, истата е издадена единствено за хеликоптер Бел 206, поради што и потенцијалниот дискриминатор наведува дека нема надлежност ниту овластување да овозможи или да оневозможи продолжување на предметната дозвола.

Во однос на тврдењето дека на подносителот не му била обезбедена униформа, во произнесувањето е наведено дека досега немал истакнато поплака за истото или пак им дал до знаење за тоа, истакнувајќи дека за време на обуките за тип на хеликоптер Ми-17/171 секогаш бил во пилотска униформа. Во продолжение на ова, објаснето е дека подносителот бил вратен во ----- со ново решение изготвено по судска одлука, во период кога единицата била целодневно ангажирана за гаснење на шумските пожари во август 2024 година, при што подносителот не донел решение, наведувајќи дека тоа требало да биде пратено од -----, кое и потенцијалниот дискриминатор го добил 1 месец подоцна. Во однос на сместувањето на подносителот, наведено е дека најпрво бил сместен во канцеларијата на -----, додека по пристигнувањето на новото решение, поради преместување на работник од конкретната единица, на подносителот му било кажано да се пресели на првиот кат кај пилотите и тројцата пилоти да се договорат за распоред во двете слободни канцеларии. Оттука, наведено е дека подносителот на претставката одбил со изговор и поплака зошто не бил сместен таму кога дошол, иако знаел дека канцеларијата била зафатена.

Во однос на наводите дека потенцијалниот дискриминатор одбил да го прати подносителот на преглед, целосно се отфрлаат ваквите наводи со образложение дека барањето на подносителот веднаш било препратено до Одделот за ----- за понатамошно постапување со оглед на фактот дека Барање за лекарски преглед до воздухопловно лекарската комисија во ----- поднесува Министерот за -----.

Во однос на наводите за кондиционо рекреативниот одмор кој му следува на воздухопловниот персонал во ----- согласно колективниот договор, во произнесувањето е појаснето дека секој припадник поднесува лично барање до Одделот за ----- и истото не претставува надлежност на потенцијалниот дискриминатор.

На крајот на произнесувањето, наведено е дека сите барања за продолжување на дозволи и било што друго во надлежност на комисијата од која потенцијалните дискриминатори се дел се разгледуваат од целосниот состав на комисијата и истиот носи одлука по ваквите барања. Во однос на поднесок – ургенција од страна на подносителот на претставката до комисијата за вршење на инспекциски надзор, во кое било наведено дека доколку комисијата не постапи по барањето и не ја донесе одлуката која подносителот ја бара, истиот против членовите на комисијата ќе поднесе пријави до ОЈО, ----- на -----, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Народниот правобранител. Оттука, во произнесувањто е наведено дека на истиот состанок кога била разгледувана оваа ургенција, комисијата донела одлука да побараат од Министерот нивна промена од комисијата бидејќи не можат да работат под притисок и закани, следствено на што Министерот донел ново решение за нов состав на комисијата.

Поради фактот што и по истекот на законски предвидениот рок, до Комисијата не пристигна одговор на известувањето за произнесување од страна на -----, на 13.3.2025 година, до наведеното лице беше испратена Ургенција бр. 08-45/6.

Поради фактот што и по испратената ургенција, Комисијата не доби произнесување од страна на -----, на 8.4.2025 година Комисијата испрати барање за доставување информации во врска со претставката до Министерството за -----, заведено под арх. бр. 08-45/7.

На 9.5.2025 година, Министерството за ----- до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација достави информација дека потенцијалниот дискриминатор ----- е на континуирано боледување од 12.12.2024 година и од таа причина Министерството не е во можност да му ја достават претставката и известувањето за произнесување на кое од него се бара да одговори.

Имајќи ја предвид содржината на претставката и наводите истакнати во истата, со цел целосно утврдување на фактичката состојба, на ден 14.5.2025 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација испрати барање за доставување информации согласно член 30 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација до Комисијата за вршење инспекциски надзор за исполнетост на услови за продолжување на важноста на дозвола за член на летачки екипаж – пилот на полициски хеликоптер, заведено под арх. бр. 08-45/9. Со предметниот допис беше побарана информација во однос на Записникот од извршен инспекциски надзор за исполнетост на услови за продолжување на важноста на дозвола за член на летачки екипаж, со кој било утврдено дека подносителот на претставката не ги исполнува условите за да му биде обновена дозволата за летање, како и да достават копија од наведениот записник.

На 14.5.2025 година, согласно член 30 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, копија од истиот записник беше побарана и од подносителот на претставката, доколку го поседува истиот, при што наведеното барање за информации беше заведено под арх. бр. 08-45/10.

На 23.5.2025 година, подносителот одговори дека не поседува таков записник доколку истиот постои, наведувајќи дека доколку постоел таков записник, истиот би бил доставен како доказ

во судската постапка која се водела. Во прилог на одговорот, подносителот го наведува следното:

„Лицата против кои ми е поднесена претставката во целиот тој период освен што се претседател и член на комисијата, се и мои директно претпоставени началници односно едниот е началник на единицата во која сум распореден, а другиот е началник на Одделот за -----. Овие двајца началници во текот на месец Февруари 2022 година наместо да постапат како што претходно постапувале за сите останати колеги и за самите себе и да извршат инспекциски надзор како комисија, односно наместо да заседаваат како комисија за вршење инспекциски надзор и да донесат законска одлука со која ќе ми ја продолжат дозволата врз основа на одредбите од законските и јасно пропишаните подзаконски прописи за воздухопловството во -----, тие воопшто не заседаваат како комисија, туку напротив наместо тоа, по претходен взаемен договор помеѓу нив двајцата, а кое нешто ми го најавија на состанок на ден 16.2.2022 година, во тој момент дискриминаторски постапуваат во улога на началници и истиот ден едниот од нив изготвува документ со предмет барање за мое распоредување на друго работно место..." Во однос на претходно наведеното, подносителот дополнува дека комисијата е должна да врши редовен или вонреден инспекциски надзор, односно не е должен ниту еден припадник сам да бара од комисијата да му изврши инспекциски надзор по однос на било кој основ (дозвола, овластување, лекарско уверение или слично).

Дополнително, подносителот наведува:

„Во моментот кога беа должни да постапат во улога на комисија, после моето враќање во единицата по спроведување на пресудата, истите наместо да постапат законски и да ми ја продолжат дозволата, овој пат си побараа изземање и беа разрешени од комисијата од страна на министерот."

На 9.7.2025 година, од страна на -----, Оддел за ----- до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен одговор заведен под арх. бр. 08-45/12. Во предметниот одговор, наведено е дека не бил донесен наведениот записник од извршен инспекциски надзор во евиденцијата на Одделот за -----, при што подносителот бил прераспределен врз основа на барање од ----- на ----- и тогашниот ----- на -----.

На 15.7.2025 година, подносителот достави уште едно дополнување во кое наведува дека бил донесен Записник од извршен надзор за исполнетост на услови за продолжување на овластување за тип на хеликоптер Бел 206, записник донесен од страна на комисијата за вршење на инспекциски надзор врз персоналот во воздухопловството кој што врши работи од значење за безбедноста на летањето на полициските хеликоптери, донесен на 7.7.2025. Оттука, потенцира дека посочените потенцијални дискриминатори биле должни да го направат истото, меѓутоа тие го дискриминирале со нивното постапување и извршиле енормна материјална и нематеријална штета во остварувањето на неговите законски пропишани права.

На 21.7.2025 година, подносителот на претставката до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација достави уште едно дополнување заведено под арх. бр. 08-45/14, во прилог на кое го достави новото решение за утврдување на плата донесено на 18.7.2025 година

Оттука, земајќи ги во предвид наводите во претставката, одговорот од произнесувањето по истата како и останатите прибавени релевантни факти, докази и информации, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена

дискриминација од страна на ----- врз -----, согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите“.*

Имено, Комисијата констатира дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција за дискриминација согласно претходно цитираниот член. Оттука, Комисијата не утврди дека е воспоставена каузална врска помеѓу наведената дискриминаторска основа – личен и општествен статус како врвен пилот и наведените дејствија за кои подносителот тврди дека претставуваат дискриминација, а се сторени од страна на наведените потенцијални дискриминатори – ----- и -----. Имено, наводите за сторена дискриминација кои се истакнати во претставката не воспоставуваат каузална врска помеѓу наведениот дискриминаторски основ и дејствијата на поранешните началници на подносителот на претставката за заштита од дискриминација за кои е наведено дека претставуваат дискриминаторски третман. Притоа, наведената дискриминаторска основа лично својство и општествен статус, не е поврзана со карактеристика по која компараторот се разликува од мнозинството, која би му гарантирала понеповолен третман во текот спроведувањето или неспроведувањето на инспекциските надзор на комисијата, или пак продолжувањето/непродолжувањето на дозволата за член на летечки екипаж, при што статусот за кој подносителот истакнува дека го ужива не претставува личен статус кој би можел да претставува причина за различно и понеповолно постапување во споредба со останатите лица кои се наоѓаат во иста фактичка положба како него.

Оттука, согласно сето претходно наведено, имајќи ја предвид законската дефиниција, Комисијата не пронајде дека била сторена дискриминација врз основа на личен и општествен статус како врвен пилот во областа на работата и работните односи од страна на ----- и ----- врз -----.

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став (1) од истиот Закон, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Заменик - претседателка на Комисијата
Флора Кадриу

Доставено до:
-